# Климатските заговори на Западниот Балкан - **наголемо увезувани и упорно повторувани**



| Теориите на заговори и климатските промени во Европа и во регионот на Западен Балкан | Заеднички карактеристики на дезинформациите поврзани со климатските промени во земјите на Западен Балкан | Каналите низ кои се шират дезинформациите за климатските промени на Западен Балкан |
|---|---|---|

**Јули 2024**

# Климатските заговори на Западниот Балкан - **наголемо увезувани и упорно повторувани**

Изработено од:

МЕТАМОРФОЗИС
Фондација за интернет и општество

Во соработка со:

EFCSN
European Fact-Checking Standards Network

European Climate Foundation

## Извршно резиме

Климатските промени се плодна почва за ширење на дезинформации. Негирањето дека воопшто постои глобалното затоплување, теориите на заговор дека климатските промени се оружје во рацете на тајни групи или моќни поединци за контрола или за нанесување штети на населението, или пак, дека нивното влијание не е толку големо, како што тврдат научниците, се дел од наративите кои се сретнуваат. Во последните години во Европската Унија актуелен е и трендот на ново негирање, кој ги опфаќа дезинформациите за електричните возила, обновливите извори на енергија и другите контрамерки на глобалното затоплување, кои се прикажуваат како опасни или неразумни.

Климатскиот скептицизам и извитоперените толкувања на настаните со кои се манипулира за да се оспори научно заснованата реалност на климатските промени, има длабоки корени и на Западен Балкан. Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Црна Гора и Косово, а ширењето дезинформации за климатските промени го следи трендот на државите на Европската Унија.

Наративите од ЕУ се најчесто копирани од локалните креатори на теории на заговор и се шират по најразлични канали, но најмногу на социјалните медиуми. Трите најчести теории на заговор ги вклучуваат кемтрејлс или белите траги на небото, кои остануваат зад авионите, и кои се користат за труење на луѓето, потоа ХААРП, високофреквентен активен истражувачки програм на поларната светлина, но многу често обвинуван за манипулации со времето, како и за главен виновник кога се случува невреме, поплави, пожари, суши или град и на крај тврдењата дека

климатските промени воопшто не постојат, туку дека се измислени за да се воведат мерки кои ќе го контролираат населението.

Во сите земји на Западен Балкан постојат мрежи на профили, од кои најголемиот дел се најчесто лажни, кои споделуваат објави со дезинформации за климатските промени. Најголемиот дел од дезинформациите во сите земји, освен во Србија - каде што бројот на домашните дезинформации е идентичен со оние од странство, сеископирани од земјите од регионот, а еден помал дел се и креирани од локалните теоретичари на заговор. Во повеќето земји во регионот се забележува и трендот на вкрстување на дезинформациите на различни теми, како што се климатските промени и пандемијата на ковид-19. Оригиналните креатори на теориите на заговор за климатските промени се од сите страни на светот, но најчесто од САД, Кина, Русија или западноевропските држави.

# Содржина

**Извршно резиме** ........ 2
**Содржина** ........ 4
**Вовед** ........ 5
**Методологија** ........ 7
**Климатските промени и дезинформациите** ........ 9
**Теориите на заговори и климатските промени во Европа и во регионот на Западен Балкан** ........ 11
- **Албанија** ........ 13
- **Босна и Херцеговина** ........ 17
- **Северна Македонија** ........ 23
- **Србија** ........ 27
- **Црна Гора** ........ 31
- **Косово** ........ 36

**Заеднички карактеристики на дезинформациите поврзани со климатските промени во земјите на Западен Балкан** ........ 39
- **Земјите на Западен Балкан ги следат и копираат наративите кои се веќе долго време присутни во Европа и во светот** ........ 41

**Каналите низ кои се шират дезинформациите за климатските промени на Западен Балкан** ........ 42
**Каков е одговорот на растечкиот тренд на климатските дезинформации** ........ 44
**Прилог 1 : Соодност меѓу климатски дезинформации од локално и странско потекло** ........ **45**
**Прилог 2 - ТВРДЕЊЕ - ФАКТ** ........ **45**

## Вовед

Климатските промени се најголемиот тест пред кој е ставена денешнината и иднината на планетата Земја. Опстанокот на човештвото директно зависи од ограничувањето на загревањето на планетата, на зголемените емисии на стакленичките гасови и нивните последици. Денешните акции ќе ја моделираат иднината на планетата, а државите мора да се посветат на обезбедување климатска рамнотежа и безбедна планета за идните генерации.

Патеката по која се движи планетата Земја денеска е длабоко загрижувачка. Според податоците на Светската метеоролошка организација 2023 година била најтоплата година досега, а просечните измерени температури се за 1,45 Целзиусови степени над просекот пред 1900 година.

За научната заедница, како и за поголемиот дел од човештвото кристално е јасно дека промените во климата, особено од 19 век и индустриската револуција, па наваму, се под директно влијание на човечките активности. Јасно е дека климатските промени се должат и на природни внатрешни или надворешни процеси, како што се модулациите на сончевите циклуси и вулканските ерупции, но многу повеќе на антропогениот фактор, кој е заслужен за претераните согорувања на фосилните горива, уништувањето и безмилосната сеча на шумите, пренамената на земјиштето и урбанизацијата, производството на храна, управувањето со отпадот и за индустријата.

Според последниот извештај на меѓувладиниот панел за климатски промени IPCC од 2023 година, климатските промени предизвикани од човекот се причината за брзи промени во атмосферата, океаните, криосферата (делови од Земјата каде што водата е во цврста форма, вклучувајќи ги глечерите, тлото под мраз, морските, езерските и речните мразови, ледените плочи и др.) и биосферата, влијаејќи на многу временски и климатски екстреми во сите региони низ целиот свет и предизвикувајќи широко распространети негативни влијанија, како и загуби и штети за природата и луѓето. Од тие причини се неопходни итни ограничувања на емисиите на стакленички гасови, а со тоа и на растот на просечната температурата, како единствениот начин да се избегнат најлошите климатски сценарија.

## Методологија

Овој извештај има цел да ги открие најчестите дезинформации поврзани со темата за климатските промени во земјите на Западен Балкан. Анализирани се сите дебанкирани содржини од страна на специјализирани проверувачи на факти во шест држави, Северна Македонија, Србија, Албанија, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово во периодот од 1 Јуни 2023 до 31 Мај 2024 година.

Целта на истражувањето беше да се открие кои се најчестите дезинформации и теории на заговор кои се поврзуваат со климатските промени, колку често се споделуваат, кои се нивните креатори и каков е приемот кај пошироката публика.

За потребите на извештајот пребарани се архивите на проверувачите на факти во сите овие држави, Vistinomer.mk од Северна Македонија, Raskrinkavanje.rs, Istinomer.rs и Fakenews.rs од Србија, Raskrinkavanje.me од Црна Гора, Raskrinkavanje.ba од Босна и Херцеговина, Faktoje.al од Албанија и Hibrid.info и Kallxo од Косово. Одвоени се 134 (или 137 ако го вклучиме и Косово) содржини од овие веб-страници кои се однесуваат на прашања поврзани со климатските промени, емисиите на јаглероден диоксид и временските неприлики, кои во овој период биле искористени да се креираат дезинформации и кои се откриени и дебанкирани од проверувачите на факти. Анализирана е нивната содржина и подредени се во различни категории според наративот кој е користен.

Истовремено, анализирани се и профилите на креаторите на теориите на заговори на социјалната мрежа Фејсбук, а во државите каде што ги има и веб страниците специјализирани за креирање и ширење дезинформации. Анализирана е содржината на нивните текстови, како и на постовите на

Фејсбук, начините на користење на можностите кои ги нуди оваа платформа за креирање на групи и мрежи за ширење на дезинформациите за климатските промени. За извештајот се истражуваше и досегот на ширење на лажните вести, колку од дезинформациите се креирани локално, а колку се увезени од други држави, како и можностите за преклопување на исти дезинформации меѓу креаторите од различни држави во регионот.

## Климатските промени и дезинформациите

Предупредувањата кои секоја година ги повторуваат Обединетите нации поткрепени со извештаи од научната јавност, јасно укажуваат на опасностите од климатските промени, но, сепак, политиките насочени кон ограничување на емисиите на јаглерод и ублажување на нивните влијанија наидуваат на отпор во голем дел од јавноста.

Според истражувањата, овој отпор делумно доаѓа од оние кои не сакаат да инвестираат во алтернативните извори на енергија, како што е индустријата базирана на употреба на фосилните горива, но во голем дел отпорот го создаваат и климатските скептици. Тоа се сите оние кои веруваат дека човековото влијание на климатски промени не постои, а истражувањата на климатските научници се лажни. Тие креираат теории на заговори дека поединци, најчесто јавни личности како бизнисменот Бил Гејтс, Џорџ Сорос, првиот човек на Светскиот економски форум, Клаус Шваб или групи и организации кои имаат моќ, а тоа се најчесто Обединетите нации, либералите или други, кои наводно ги користат климатските промени како покритие за држење на населението под контрола, креирање на болести и епидемии или, пак, контрола на временските услови и создавање на невремиња и катастрофи. Реториката со која се служат креаторите на теориите на заговори недвосмислено ги отфрла науката и улогата што научниците и нивната работа ја имаат во општеството.

Теориите на заговори, генерално, се многу распространети и го опфаќаат речиси секој сегмент од општественото живеење. Наједноставната дефиниција вели дека теоријата на заговор е верување дека некој настан

или ситуација е резултат на таен план направен од моќни луѓе. Тие се, најчесто, крајно бесмислени и сосема неверодостојни, без никакви докази за тоа што се тврди. Многу често нивните поклоници сите контрадокази и објаснувања што го докажуваат токму спротивното од тоа што тие го тврдат, ги отфрлаат како дел од заговорот. Обемот што го достигнуваат, како што е примерот со климатските промени, понекогаш е и пречка за преземање на вистинска и аргументирана акција, бидејќи ги оддалечуваат луѓето од еколошките иницијативи, но и ја поткопуваат довербата во науката и во демократијата воопшто.

Теориите на заговор се појавуваат и шират во периоди на специфични глобални настани што предизвикуваат тензии, вознемиреност или несигурност кај населението. Светот во последните пет години доживеа неколку такви ситуации со пандемијата на ковид-19 и војните во Украина и во Палестина, кои и денес се меѓу најексплоатираните теми на теоретичарите на заговори.

## Теориите на заговори и климатските промени во Европа и во регионот на Западен Балкан

Неизвесноста што ја наметнуваат климатските промени обезбедува плодна почва за ширење на дезинформации. На скептиците им е тешко да поверуваат дека обичниот човек со своите навики може навистина да придонесе за последици кои можат да бидат разорувачки за целиот свет. Во светот и во Европската Унија климатските дезинформации имаат многу форми, од целосно негирање на постоењето на климатските промени до тврдењата дека се резултат на некои многу поголеми и поорганизирани активности, кои воедно се и тајни и одат во прилог на моќни поединци или тајни групи, но и дека предупредувањата на научниците се претерани и дека тие, всушност, и не изискуваат толку итни мерки. Една од четирите најраширени погрешни информации во април 2024 година во Европската Унија беше тврдењето дека екстремните поплави во Дубаи биле предизвикани од проектот HAARP, засејувањето на облаците, распрскувањето на хемикалии од авиони - белите авионски траги или наводниот геоинженеринг.

Повеќето од приказните што се докажани како лажни или погрешни од независните организации за проверка на факти во ЕУ, се чини дека го следат моделот на таканареченото ново негирање, насочено кон електричните возила, обновливите извори на енергија и другите контрамерки на глобалното затоплување, прикажувајќи ги како опасни, позагадувачки од возилата со внатрешно согорување или неразумни. Креаторите на лажни вести во ЕУ забележливо се пренасочиле од некогашните тврдења дека глобалното затоплување не се случува и дека

не постои влијание на човекот во генерирањето на стакленички гасови, кон тврдења дека влијанијата од глобалното затоплување се корисни или безопасни, дека климатските решенија кои се нудат се нефункционални, а на науката и климатските движења не може да им се верува.

И QAnon, крајно десничарското движење на теории на заговор, кое се појави во 2017 година, се вкрстува со дезинформациите за климата на неколку начини. Во 2019 година, за првпат QAnon сугерираше дека неговите следбеници треба да ја преиспитаат темата за климатските промени, а Договорот од Париз го карактеризираше како уште една измама за да се натераат даночните обврзници да плаќаат и да ги збогатат политичарите. Некаде од тој период се забележува дека групите на социјалните мрежи кои активно ширеа дезинформации за пандемијата, се истовремено и негатори на климатските промени. Во постови за климата многу често се сретнува и хаштагот QAnon, а брзиот раст на ова движење доведе и до ширење на дезинформациите за климатските промени, заедно со пропагандата против вакцините, но и до уште позабележливо поткопување на довербата на јавноста во науката и научните докази.

Климатскиот скептицизам и извитоперените толкувања на природните настани со кои се манипулира за да се оспори научно заснованата реалност на климатските промени, има длабоки корени и на Балканот. Северна Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Албанија, Црна Гора и Косово, го следат трендот на државите на Европската Унија во ширењето на дезинформации за климатските промени.

## Албанија

Негирање на постоењето на климатските промени и влијанието на јаглеродниот диоксид на создавањето на ефектот на стаклена градина, наводната злоупотреба на ХААРП од злобни групи и поедници за манипулации со времето, како и дезинформации за труење на луѓето со отрови распрскани од авиони, се клучните три теории на заговор кои се шират во Албанија.

Исто како и во поголемиот дел од земјите од регионот, најголемиот број на дезинформации се шират преку веќе воспоставена мрежа на профили на социјалните мрежи. Голем дел од нив се и лажни, а дел се имиња кои се повторуваат во многу објави добро познати на проверувачите на факти. И овде, како и во Босна и Херцеговина, има профили со многу слични имиња кои ги копираат истите или креираат слични содржини, што упатува дека се создадени од една личност. Поврзувањето на повеќе профили на креаторите на лажни вести им дава можност нивните манипулации да допрат до што поголем круг на луѓе.

Сите овие профили редовно постираат дезинформации и лажни вести на различни теми, вклучувајќи ги и климатските промени. Имаат редовни следбеници, па нивните објави достигнуваат и десетици споделувања и стотици допаѓања. Овие профили се активни и во делот за коментари, каде го продолжуваат споделувањето на свои „аргументи“, нудејќи нови и нови „докази“ за тоа што го тврдат, а сè со цел да привлечат што поголема публика и да го прошират своето манипулативно влијание.

Временските непогоди во Албанија или во земјите од нејзиното опкружување се повод профилите кои шират дезинформации за климатските промени во оваа земја уште многупати да ја повторат

познатата заговорничка теорија за ХААРП - алатка во рацете на богатите и моќните што ја модифицира нашата клима за да ни донесе невреме и несреќи. Таквите дезинформации во Албнија се појавија во најголем дел после поплавите во [Грција](), [Дубаи]() и Италија, дури и на [Филипините](), повторувајќи ја теоријата на заговор дека тие се предизвикани од човечка рака со употреба на ХААРП системот, а некои од нив се поврзани и со теории на заговор за [американската војска]().

Најкористената теорија на заговор поврзана со климатските промени во светот, а која го негира нивното постоење, е честа тема и на креаторите на лажни информации во Албанија.




*Фото: Принтскрин од Фактоје за разоткриента дезинформција за непостоење на климатските промени*

Проверувчите на факти во редакцијата на Фактоје.ал, разоткриле бројни дезинформации во кои климатските промени се претставуваат како лажни. Користејќи различни средства, како манипулација на фотографии и видеа, промена на контекст на информациите и друго, тие креираат содржина која има цел да внесе заблуда кај читателите. Притоа се тврди дека постои тајна агенда на група моќници или влади кои му работат зад грб на човештвото и ги користат климатските промени како изговор за со своите оружја да креираат поплави, пожари, суши и други несреќи. Неколкупати се повторува и веќе познатата дезинформација дека јаглеродниот диоксид, всушност, не е штетен и дека, напротив, тој им е потребен на растенијата во процесот на фотосинтеза.

Во Албанија, дури и познатата велосипедска трка Џиро Д'Италија и познатиот фудбалер Кристијано Роналдо се искористени за ширење на теории на заговор, овојпат поврзани со белите траги на небото или кемтрејлс - една од омилените дезинформации кога станува збор за климатските промени. Необичната патека на авионот кој ја снимал велосипедската трка се покажа како добра можност преку постови на социјалните мрежи да се убедуваат луѓето дека некој не им мисли добро и од горе ги прска со хемикалии. Па така, повторно беше раширена познатата теорија за авионите полни со буриња, во кои има различни

хемикалии кои, наводно, моќните поединци или групи ги злоупотребуваат за да се „запрашува“ населението со отрови.




*Фото: Принтскрин од разоткриената дезинформација за кемтрејлс*

Во Албанија се присутни слични наративи како и во другите земји од регионот, кога се однесува до дезинформациите за климатските промени, а се случува една иста дезинформација да се појави во повеќе земји во исто време. Тоа се должи на фактот што најголемиот дел од дезинформациите во Албанија, како и во другите земји на Западен Балкан се ископирани од странство, не само од регионот, туку и од Европа и пошироко. Главниот канал на споделување и во оваа земја се социјалните

мрежи, кои се користат за креирање лажни профили и групи споделување на дезинформациите.

## Босна и Херцеговина

Креаторите на дезинформации поврзани со климатските промени во Босна и Херцеговина најмногу се занимаваа со темите на кемтрејлс, познатата теорија на заговор за прскање и труење на населението, со влијанијата врз климата со ХААРП, но и со негирањето на постоењето на климатските промени. Покрај повеќе веб-страници преку кои се споделуваат дезинформации за климатските промени, во земјата постои и мрежа на профили, најчесто лажни, кои ги споделуваат теориите на заговор поврзани за климатата и климатските промени и овозможуваат поголема читаност. Забележливо е и постоењето на повеќе профили со многу слични имиња, кои ако се анализираат се гледа дека ги споделуваат истите содржини.

Мрежата на ширачи на дезинформации под лажни имиња е распространета низ целиот регион, па во кругот на пријатели на овие профили се забележуваат и имиња од Македонија, Србија или Црна Гора. Постовите со лажните информации кои минуваат низ оваа мрежа добиваат и стотици коментари, како и стотици, па и илјадници споделувања. Најголемиот дел од дезинформациите во врска со климатските промени во Босна и Херцеговина се ископирани од странство, особено од земјите од регионот, а еден дел се и креирани од локалните теоретичари на заговор.

И во оваа земја, како и во другите од регионот, несекојдневните појави и феномени претставуваат повод за креирање дезинформација и

наведување на јавноста кон неточни тврдења за кои не постојат никакви докази.




*Принтскрин од објавата на Фејсбук во која се тврди дека на климата се влијае со геоинженеринг и се злоупотребува системот ХААРП*

Аурора бореалис или северната поларна светлина, во мај 2024 беше видлива од Европа и Северна Америка, а можеа да ја видат и жителите на регионот. Тоа ги поттикна креаторите на теории на заговор да пласираат дезинформации кои ќе го поврзат овој феномен со две веќе добропознати невистини, а тоа негирањето на постоењето на климатските промени и злоупотребата на ХААРП. Од една страна, појавата на поларна светлина во овој дел од светот за нив е доказ дека климатските промени се последица

на природни процеси, а човекот и неговите активности со кои допринесува за зголемени емисии на ЦО2, немаат никаква улога во тоа. Од друга страна, појавата на поларната светлина се гледа како последица на делување на ХААРП, оружје за манипулација со климата со кое располага токму човекот, поточно моќни групи или поедици со скриена агенда.



RASKRINKAVANJE.BA PROVJERA TAČNOSTI ČLANCI MEDIJI PRIJAVITE ČLANAK

**HAARP nije uzrokovao polarnu svjetlost u maju**

**Ova analiza je označena kao:** Provjera tačnosti

Na društvenim mrežama i u nekim medijima objavljene su insinuacije da je polarna svjetlost koja se vidjela u noći između 10. i 11. maja bila vještački izazvana. To nije tačno.

Foto: Wikimedia Commons,Benpiano800

*Aurora borealis*, ili sjeverna polarna svjetlost, bila je vidljiva širom Evrope i Sjeverne Amerike u noći između 10. i 11. maja 2024. Fotografije ovog fenomena masovno su se dijelile na društvenim mrežama. Zajedno s njima, dijelile su se i sumnje da je riječ o prirodnoj pojavi.

Na Facebooku je 11. maja podijeljena objava u kojoj se nagađa da je polarnu svjetlost izazvao "geoinženjering i nekakvi sistemi tipa HAARP". Objava sadrži kolaž od dvije fotografije Sunca, a u ispisima na engleskom jeziku tvrdi se da je jedna autentična, a druga ne. Na kolažu je i poster na kome se najavljuje HAARP-ovo istraživanje između 8. i 10 maja ove godine.

> Polarna svjetlost nad Balkanom ? Saharski pijesak? Čitav život živim tu a za to sam prvi put čuo u zadnju godinu dana. Prije će biti geoinženjering i nekakvi sistemi tipa HAARP. Možda testiranje za projekt Blue Beam? Ne znam. Ali u ovu zvaničnu priču, ne vjerujem.

*Принтскирин од текстот на Раскринкавње.ба во кој се разоткрива деезинформацијата за злоупотреба на ХААРП*

Белите траги на небото кои остануваат зад авионите, односно кемтрејлс според теоретичарите на заговори или контрејлс според научната

заедница, се неисцрпна тема на ширачите на дезинформации поврзани со климатските промени. Во овој период во Босна и Херцеговина тие биле најчесто споделуваната дезинформација поврзана со климатските промени. Речиси секоја појава на белите траги на небото била повод да се повторат теориите дека на овој начин се врши запрашување, а целта според теоретичарите на заговори, е да се изврши депопулизација, да се контролира населението или да се влијае на неговото однесување, но и да се предизивикаат промени во климатските услови. Тоа, според нив, го прават глобалистите, сатанистите и заговорниците против остатокот од човештвото, а дури и се споделува список на бактерии, вируси, габи, метали и други супстанции кои ги користат за наводно да се испуштаат од авионите.

Менување на климата со користење на ХААРП е уште една од теориите на заговор која се поврза со невремето кое во јули 2023 ги погоди Босна и Херцеговина, Србија, Хрватска и Словенија. ХААРП (High Frequency Active Auroral Research Program) или високо фреквентен активен истражувачки програм на поларната светлина, всушност е заеднички проект од различни партнери, индустријата, американското министерство за одбрана и бројни универзитети ширум САД и претставува истражувачки проект за критичните последици на климатските случувања.

Во овој период во Босна и Херцеговина меѓу споделувачите на дезинформации се користеле и настани кои се случуваат надвор од земјата, во регионот или во светот, како повод со лажни тврдења и без докази да се анализираат појави и да се шири паника и недоверба меѓу луѓето. Информацијата дека во март 2024 во бразилскиот град Рио де Жанеиро е измерена рекордна вредност на топлинскиот индекс од 62,3

степени Целзиусови, се користи да се шири дезинформација дека во овој град, всушност толку била висока температурата на воздухот, иако се работи за сосема различни величини.

Како и во другите земји од регионот, така и во Босна и Херцеговина се актуелни обидите на креаторите на манипулации да поврзуваат повеќе теории на заговор и да креираат нови дезинформации со кои ќе го насочуваат вниманието на граѓаните во правец кој ним им одговара. Климатските промени најчесто се поврзуваат со пандемијата на ковид- 19 и со вакцинацијата, но и со голем број на секојдневни болести и состојби како главоболки, замор, депресија...

Во последниот период се поврзуваа и со епидемијата на големата кашлица која го зафати регионот на почетокот на 2024 година. Се тврди дека големата кашлица е последица на запрашувањето од воздухот, иако бројни научници и медицинари одамна предупредуваат дека враќањето на заборавените болести е последица на избегнувањето на имунизацијата на децата, под влијание на антиваксерските лоби движења во светот, прифатени и кај нас. Во контекст на ширењето на теориите на заговор за кемтрејлс и труењето преку воздух се става и актуелната војна меѓу Израел и Палестина. Поточно, во објава на социјалните мрежи се тврди дека, не само авионите, туку сега и ракетите содржат различни хемикалии кои прскаат и отаваат трага на небото.

И во Босна и Херцеговина дезинформациите за климатските промени се врзуваат и со светски личности кои се предмет на теории на заговор во повеќе области. Меѓу најкористените имиња во тој контекст е Бил Гејтс, кој во случајот се обвинува дека планира да исече милиони хектари шума,

како начин на борба против климатските промени. Овие тврдења најчесто потекнуваат од американските теоретичари на заговор, кои се пренесуваат од локалните во регионот.



• NAJNOVIJE

1 SVE VESTI
SVI bi trebali da budu zabrinuti jer NOVI zakon EU
10. Септембра 2023.

2 SVE VESTI
Severna Irska: Policija hapsi članove Nove Irske Republikanske Armije –
10. Септембра 2023.

Severna Irska: Policija hapsi članove Nove Irske Republikans

3 SVE VESTI
Nešto se dešava! Nova studija otkriva porast slučajeva RAKA kod

LUDNICA SVE VESTI

Bil Gejts planira da poseče milione hektara šuma kako bi se "borio protiv klimatskih promena"

By Nulta Tačka 31. Августа 2023.

Bil Gejts i dalje pokušava da "spase planetu" ...

Kao takav, filantrop milijarder finansira plan za sečenje i zakopavanje miliona hektara drveća kako bi se „smanjilo globalno zagrevanje"

Korišteći 6,6 miliona dolara finansiranja semena od Gejtsovog Breakthrough ... ektara

everna-irska-policija-hapsi-clanove-nove-irske-republikanske-armije-neredi/

*Фото: Принтскрин од дезинформацијата дека Бил Гејтс планира да исече милиони хектари шума*

Од анализите на проверувачите на факти во Босна и Херцеговина заклучуваме дека креаторите на дезинформации во оваа земја се многу активни и користат слични наративи како и во другите земји од регионот. Поголемиот број од дезинформациите се ископирани од странство, помал дел се креирани во земјата, а се споделувале најчесто на

социјалните мрежи, користејќи ги веќе разработените групи и канали на ширење на дезинформации.

## Северна Македонија

Најголемиот дел од дезинформациите поврзани со климатските промени кои се шират во Северна Македонија, исто така, се поврзани со теориите на заговор за кемтрејлс или ХААРП, но и со убедувањето дека климатските промени или не постојат или се [вештачки предизвикани](#) од активности на поединци или групи.




*Фото: Принтскрин од Фејсбук објавата која тврди дека климатските промени се измилени заради*




*Фото: Принтскрин од текстот на Вистиномер во кој е разоткриена дезинформацијата*

Најголемиот број од дезинформациите се инспирирани или ископирани од странски, а дел се креирани од локални извори, како реакција на случувања во, но и надвор од земјата. Авторите на овие објави се најчесто поедници, од кои дел се со лажни или скриени идентитети, а се забележува и повторување на еден ист креатор на повеќе постови, најчесто на иста тема. Тие, дезинформациите најчесто ги споделуваат на своите профили, но и во групи на социјалните мрежи кои играат голема улога во ширењето на дезинформациите кон поголема група на читатели.

Се забележува дека групите се специјално формирани за таа намена, со имиња кои точно сугерираат дека тука може да се прочитаат вести за светските заговори кои елитите ги креираат против интересите на луѓето. Се забележува и таргетирање на одредена група, на пример земјоделци, кои се особено сензитивни на теми поврзани со климата и се погодна почва за ширење на лажните вести. Појавата на пролетен мраз и штетите во овоштарството во март 2023, на пример, се објаснува со пуштањето на ХААРП.

Една од најскплоатираните теории на заговор во Северна Македонија се „кемтрејлс" патеките кои ги создаваат авионите во воздухот, за кои се тврди дека се „хемиски патеки", наводно составени од хемиски или биолошки агенси за „злобни цели". Дезинформаторите тврдат дека белите линии на небото се „отрови" кои со дождот побрзо стигнуваат до почвата и до луѓето.




*Фото: Принтскрин од анализата на Вистиномер во која се разоткрива дека доктор Беќаровески е злоупотребен за ширење кемтрејлс деезинформации*

Невистините за хемиските траги се неизбежно испреплетени со ХААРП, манипулиран од поединци или групи. Се работи за веќе добро позната теорија дека група моќници има сериозни оружја во своите раце, кои ги користи за да реализира своја скриена агенда за запрашување на населението и природата со отрови кои предизвикуваат болест, а „доказот“ за ова се белите траги кои авионите ги оставаат на небото. Според теоретичарите на заговор ХААРП е дизајниран да произведува земјотреси и други природни катастрофи, како и вештачки промена на временските услови.

Дезинформациите и во С. Македонија го следат трендот забележан во регионот, каде одредени случувања во општеството без основа се врзуваат со постоењето или со влијанијата на климатските промени. Епидемијата на [големата кашлица] која беше прогласена во повеќе региони во земјава на почетокот од годинава, беше повод да се поврзе со теоријата на заговор за кемтрејлс. Веќе постоечките теории на заговор кои се шират на социјалните мрежи за начините на кои се пренесуваат вирусите и болестите, кои многупати важеа за ковид-19, сега се применија и на големата кашлица, а зголемениот број на заболени се објаснуваше со теоријата дека се отруени со опасни раствори прскани од авиони.

И во Северна Македонија, од една страна се негираат вистинските влијанија и воопшто постоењето на климатските промени, а од друга страна им се даваат други, нереални и научно недокажани можности. Забележливо е дека дезинформациите поврзани со теории на заговор се шират во период кога се случуваат појави на болести, епидемии, невреме, дождови, пожари или слични временски непогоди во земјата, во државите од регионот или пак, во светот. Земјава не ја заобиколуваат ниту теориите на заговор што ги продуцира Кју Анон, а се ставаат во насока на климатските промени и веќе познатите моќи на ХААРП, кој е виновен за поплавите кои се случија во Њујорк во октомври 2023 година. Тие, всушност биле намерно продуцирани за да се спасат киднапираните деца чувани од мрежа на педофили во тунели во Њујорк, што е една од најексплоатираните теории на заговор на Кју Анон.

Од анализите кои ги прави Вистиномер.мк може да заклучиме дека и во Северна Македонија се присутни истите наративи кои ги користат

теоретичарите на заговори во регионот, а тоа се негирањето на постоењето на климатските промени, оцрнувањето на јавни личности, екологисти или активисти, како и негирањето на научните докази за постоењето на глобалното затоплување. Дезинформациите за климатските промени се шират на социјалните мрежи и најчесто преку објави на профили со лажни имиња. Поголемиот дел од објавите се ископирани од слични објави од регионот или од Европа, а помал дел се креирани од локалните креатори на дезинформации.

## Србија

Најголемиот дел од дезинформациите кои се шират во Србија, а се поврзани со теориите на заговор за климатските промени, се однесуваат на негирањето на нивното постоење, авионското запрашување и труење - кемтрејлс и во помал број и дезинформациите поврзани со ХААРП.



Sve je manje istine, sve je više spina

ISTINOMER ili ispinomer

Početna > Viralne manipulacije

VIRALNE MANIPULACIJE

Nova manipulacija na mrežama – deli se lista „otrova" kojima nas zaprašuju kao komarce

Aleksandar Bošnjak • 30. 4. 2024.

Na društvenim mrežama su se proširile objave sa obmanjujućom tvrdnjom, bliskoj teoriji zavera o kemtrejlsima - da nas, sa neba, „zaprašuju otrovima kao komarce". Dok se po internetu naširoko dele liste „otrova" koje zapravo sadrže niz manipulacija, činjenica jeste da je vazduh zagađen. „Zagađenje pogubno utiče na naše zdravlje i procene su da u Srbiji zbog zagađenog vazduha umre između 12.000 i 15.000 ljudi godišnje. Još detaljnije analize pokazuju da taj broj može da ide i do čak 18.000 prevremenih smrti zbog zagađenog vazduha", kaže za Istinomer dr Vladimir Đurđević, redovni profesor Fizičkog fakulteta.

*Фото: Принтскрин од текстот на Истиномер.рс во кој се разоткриваат дезинформации за кемтрејлс*

Во оваа земја бројот на увезени и локални дезинформации, анализирани од редакциите на Истиномер, Fake news и Раскринкавање е речиси идентичен. Покрај на социјалните мрежи, теориите на заговор за климатските промени се пласираат и на посебни веб-страници кои се претставуваат како медиуми, а се посветени на ширење дезинформации. Тие редовно преземаат информации од слични странски веб-страници, но креираат и свои, најчесто инспирирани од различни локални случувања. Тоа го прават под превезот на „правилното информирање“ на граѓаните за случувањата во земјата, регионот и во светот.

Постојат и повеќе профили на социјалните мрежи кои медиумите за проверка на факти ги препознаваат дека редовно споделуваат дезинформации поврзани со климатските промени. Карактеристично за овие објави е дека брзо стануваат вирални и се споделуваат меѓу интернет и вибер групи, специјализирани за теории на заговори. Тие достигнуваат неколку стотини, па и над илјада споделувања.

И во Србија одредени општествени случувања или природни феномени често се повод за креирање дезинформации. Така, временските прилики или несекојдневни настани поврзани со невремиња - поројни дождови или поплави - се искористуваат за да се манипулира со луѓето. Летото во 2023 година, кога земјата беше зафатена од суперклеточна бура, го карактеризираат секојдневни нови дезинформации поврзани со групите или поединците кои манипулираат со времето со цел да креираат катастрофи. Дежурен виновник, според теоретичарите на заговори, е ХААРП, искористен да се креираат бури, а стравот на населението од поплавите и штетите кое им ги нанесе оваа временска непогода, всушност, се користи за да се пласираат невистини.

И во оваа земја, како и во повеќето во регионот, се случува вкрстување на дезинформациите, а ова особено важи за темите кои се најчувствителни на дезинформирање, како што се климатските промени и пандемијата на ковид -19. Дезинформациите за вакцините и нивната штетност се поврзуваат со појави кои се последици од промените на климата и за кои наводно е потребна нова масовна вакцинација или нови рестрикции. Тука особено е забележително и вметнувањето на шпекулации со познати личности, кои наводно имаат моќ да ги наметнат овие ограничувања на слободите на остатокот од светот.

Начинот на функционирање на социјалните мрежи и брзиот начин на пренесување на информациите дополнително создава услови теориите на заговор за климатските промени од докажани канали на ширење на дезинформации во светот, многу брзо да се пренесат и рашират во земјата. Такви се тврдењата дека климатските промени не постојат, а целта на одредена група моќници е депопулација или отстрел на човештвото.


Manipulisanje činjenicama

Neutemeljeno

X Post | Share 23

Izvorni članak je objavljen 15.05.2024. (Nulta tačka)

**Portali: Klimatske promene ne postoje, plan moćnika je depopulacija**

15.05.2024. Marija Vučić Foto: Foto: Unsplash/ YODA Adaman

Klimatski naučnik iz Velike Britanije Bil Mek Gvajer ovih dana je na meti tviteraša širom sveta jer je napisao da je velika smrtonosna pandemija jedini način da se brzo prepolovi emisija štetnih gasova. Njegovu izjavu mnogi su protumačili kao poziv na masovnu depopulaciju i „odstrel" čovečanstva, među njima i portali u Srbiji poput Nulte tačke ili Srbin Info. Reč je o sajtovima koji tradicionalno negiraju klimatske promene sugerišući, bez jednog jedinog dokaza, da se iza priče o njima krije zavera moćnika da se desetkuje stanovništvo planete.

Mek Gvajer, vulkanolog, klimatski naučnik i ekspert za prirodne katastrofe sa Univerzitetskog koledža u Londonu, napisao je nešto što su zagovornici teorija zavere o depopulaciji protumačili kao potvrdu svojih uverenja.

**„Da budem brutalno iskren, kao jedini realan način da emisije gasova padnu brzo koliko bi trebalo da bismo izbegli katastrofalni klimatski slom, vidim smanjenje ljudske populacije pandemijom sa vrlo visokom stopom smrtnosti"**, napisao je Mek Gvajer 11. maja u tvitu koji je u međuvremenu

*Фото: Принтскрин од дезинформацијата дека климатските промени не постојат*

Во тој контекст, проект планиран од група харвардски научници за испуштање облак од калциум карбонат во атмосферата, користејќи балон за да се дознае повеќе за ефикасноста и ризиците од соларниот геоинженеринг, теоретичарите на заговори му го припишуваат на Бил Гејтс и „глобалистичката елита", кои, според нив, инвестирале милиони во прскање на стратосферата со креда заради борба против климатските промени. Во дезинформацијата се тврди дека експериментот е направен над шведскиот град Кируна, иако вистината е дека харвардските научници никогаш не го реализирале планираниот проект. Се мешаат и поими за да се создаде конфузија и се тврди дека дека нема климатски, туку временски промени, или, пак, дека не може да постои глобално затоплување кога има зима и паѓа снег. Исто така, појавата на поларна светлина со црвена боја во регионот, која можеше да се види од Србија, Босна и Херцеговина и Хрватска, беше повод за поттикнување на теориите на заговор за употреба на ХААРП.

Од анализата на дезинформациите поврзани со климатските промени во Србија можеме да заклучиме дека во оваа земја се сретнуваат истите наративи како и во другите делови од регионот на Западен Балкан. Специфично за оваа земја е што речиси половината од дезинформациите се локално креирани, а половината се увезени од надвор, што не е случај со другите земји. Во Србија постои широка мрежа на профили на социјалните мрежи кои објавуваат дезинформации, но и посебни веб-страници кои се занимаваат со креирање теории на заговор.

## Црна Гора

Најинтересна тема за креаторите на дезинформации за климатски промени во Црна Гора, е негирањето на нивното постоење. Но, исто така често споделувани се и познатите теории на заговор за кемтрејлс и манипулацијата со временските услови преку ХААРП.




*Фото: Принтскирин од Фејсбук објва која ја шири теоријата на заговор кемтрејлс*

Најголем дел од дезинформациите пласирани во Црна Гора, всушност се преземени од земјите од регионот, особено од Србија. Веб-страниците кои шират дезинформации, а се претставуваат како медиуми и се добро познати кај проверувачите на факти, имаат свои поддржувачи во оваа

земја, кои преку своите или преку лажни профили на социјалните мрежи ги преземаат и ги споделуваат.

Дезинформациите најчесто се споделуваат од повеќе профили, а целта е да стигнат до што поголем број луѓе од различни категории. Многу често повеќето од овие профили се повторуваат во објавите на различни дезинформации на тема климатски промени, ХААРП или кемтрејлс, што укажува на фактот дека нивното постоење и главна цел е намерно ширење паника.




Фото: Принтскрин од Фејсбук објава која дезинформира дека се ХААРП се злоупотребува за предизвикување полрна светлина




Фото:Принтскрин од текстот во кој е разоткриена оваа дезинфромација

Постовите имаат десетици споделувања и бројни коментари. Мрежата на дезинформации се шири и поттикнува така што кога еден од овие профили ја споделува лажната вест, на неговиот пост коментираат другите профили, а целта им е да се разгори расправата и да се насочи во за нив посакуван правец.

Особено е интересно што дезинформациите кои се вртат околу климатските промени вешто се врзуваат и со други дезинформациски теми кога станува збор за лажните вести, како што се пандемијата на ковид-19 и вакцинацијата. Вкрстување на дезинформации на две или повеќе теми во еден пост, се прави со цел да се зголеми драматичноста и да се додаде повеќе конфузија кај читателите. Ова особено се однесува на [спојување на лажните вести](#) за авионските запрашувања и пандемијата на ковид-19 или вакцинацијата.



Još jedan snimak koji ne dokazuje postojanje "kemtrejlsa"

By Jelena Jovanović 13/05/2024

0 dijeljenja

Facebook
Twitter
LinkedIn
Email

foto: unsplash

Jedna od učestalih teorija zavjere „kemtrejls"- o navodnom trovanju ljudi iz vazduha uz pomoć aviona koji iza sebe ostavljaju bijele tragove u kojim se nalaze otrovne supstance i dalje ne prestaje da se širi društvenim mrežama.

Zanimljivo je zapravo kako teoretičari zavjere uspijevaju da pronađu nove "dokaze" za svoje često sulude tvrdnje koje se u potpunosti kose sa naučnim objašnjenjima.

Upravo takav dokaz je i snimak koji je objavljen na Fejsbuku (arhivirano ovdje) na kojem je prikazan aviona koji iza sebe ostavlja bijeli trag koji u jednom trenutku nestaje uz opis:

„Opa..... Odjednom stade " kondenzna magla...".

*Фото: Принтскрин од текст на Раскринкавање.ме за дезинформации поврзани со кемтгрејлс*

Многу често експлоатираната тема за белите траги на небото, кои ги оставаат авионите што запрашуваат со хемикалии, сега се употребува како своевидно откритие дека владата на Шпанија за време на пандемијата ги прскала своите граѓани за да го спречи ширењето на ковид-19. На антиваксерите не им недостасуваат идеи и по завршувањето на пандемијата, па во изминатиот период ширеле паника и дезинформации дека сега повторно ни претстои вакцинација, но овојпат против климатски промени. Се манипулира дури и со нов назив, климатски lockdown, или забрана за движење што наводно го воведува Израел заради високите температури, или, пак, што Обединетите нации ќе го воведат во целиот свет заради климатските промени. Очигледно е дека терминот lockdown не е случајно избран, туку е токму поради негативните чувства што ги побудува кај населението заради ограничувањата кои беа воведени за време на пандемијата.

Причините за ширење на дезинформациите поврзани со климатските промени во Црна Гора се поврзани и со одредени случувања во земјата во анализираниот период. Појавата на големата кашлица на почетокот на 2024 година, одамна заборавена болест која со децении се држеше под контрола со редовна вакцинација на децата, сега ги мотивира ширачите на дезинформации да создаваат сценарија кои немаат никакви научни докази. Така, авионското запрашување, според нивните теории, е виновно за ширењето на многу болести, а сега се споменува и во контекст на појавата на големата кашлица, повторно како резултат на нечии наводни желби да се разболи населението.

Дезинформациите кои ги анализира редакцијата на Раскринкавање.ме укажуваат на практика повеќе профили на социјалната мрежа Фејсбук

меѓусебно да си преземаат и споделуваат една иста дезинформација. Теоретичарите на заговори ревносно ги следат и настаните од регионот или светот, а особено доколку се поврзуваат со временски неприлики или феномени. Поплавите, пожарите, појавата на град или слични временски неприлики се често повод да се преземат невистини пласирани во други земји. Манипулација со времето која се прави со ХААРП или геоинженерингот, а не последиците од климатските промени, за теоретичарите на заговори се причините за поплавите во Кина, во Дубаи или во Турција.

Со анализа на рецензиите на Раскринкавање.ме може да се заклучи дека во Црна Гора се приступтни истите наративи поврзани со дезинформациите за климатските промени, како и во другите земји од регионот: карактеристичните тврдења за запрашување со алуминиум преку авиони, за менување на климата со човечко влијание и негирање на климатските промени.

И тука ширењето н дезинформациите се случува главно на социјалните мрежи, преку различни, многу често и лажни профили. Тие објавуваат постови кои најчесто се земени од надвор, а поретко се локално креирани.

## Косово

Дезинформациите за климатските промени не го одминуваат ниту Косово. Тие подеднакво се шират и на социјалните мрежи и во медиумите, а поголемиот дел се увезени од странство. Сепак, рецензираните објави на оваа тема изработени од проверувачите на факти во Косово се во многу мал број. Во анализираниот период (1 јуни 2023 до 31 мај 2024) во архивата на Hibrid.info постојат три рецензии на тема климатски промени. Во нив теоретичарите на заговори се занимаваат со временските неприлики во регионот за кои тврдат дека се дело на човечките активности, а не на климатските промени. Така, присуството на [песок од Сахара](#) на тлото на европскиот континент во мај оваа година е искористено да се прошири дезинформација дека некој го расфрла песокот со машини, а целта му е да го загади воздухот.




*Фото: Принтскрин од дезинформцијата дека сахарскиот песок на европскиот континент некој го расфрлувал со машини*




*Фото: Принтскрин од текстот во кој се разоткрива оваа дезинформација*

Проверувачите на факти откриле и дека стари фотографии од поплави во Албанија биле искористени да се тврди дека тоа се случило во Приштина.

Заради подетална анализа на содржината на дезинформации кои се шират во Косово разгледани се уште седум рецензии од Хибрид, С Бункер и од Калзо од почетокот на 2023 година, до крајот на јуни 2024 година. Временските неприлики и понатаму се главната тема на теоретичарите на заговори, кои фотографиите од стари поплави или пак, временски непогоди кои се случиле во други држави ги прикажуваат како докази за актуелни настани на Косово.

ХААРП е  интересна тема и за косовските теоретичари на заговори, кои користат илустрација на радар и лажно да тврдат дека е машина која создава бури, земјотреси и суши, но и дека е причина за земјотресите кои ја зафатија Турција во февруари 2023 година. Земјотресите и природните катастрофи во една објава дури се наведуваат и како казна за Србија, доколку не го признае Косово.




*Фото: Принтскрин од текстот во кој е разоткриена дезинформацијата дека временските неприлики намерно се вештачки предизвикани со човечките активности*

Од анализата на дезинформациите кои се шират во Косово може да заклучиме дека темата на климатските дезинформации не е многу често експлоатирана од локалните теоретичари на заговори. Поголем дел од дезинформациите се увезени од странство, најчесто од Албанија, а многу малку се локално креирани. Во оваа земја речиси е еднакво користењето и на социјалните мрежи, но и на медиумите за да се пласираат дезинформации.

## Заеднички карактеристики на дезинформациите поврзани со климатските промени во земјите на Западен Балкан

- Белите линии зад авионите на небото се отрови
- Човекот нема влијание во создавањето на емисии на јаглероден диоксид
- Нема климатски, туку временски промени
- Поплавите се предизвикани од ХААРП
- Ако врне снег нема глобално затоплување
- Мерките против климатските промени се вовед во нов локдаун

Ова е само дел од морето дезинформации за климатските промени кои се сретнуваат на Западен Балкан.

Бели траги на небото, кои остануваат зад авионите. Некои се губат брзо, но некои се задржуваат подолго. За креаторите на заговори тоа е показател дека некој го користи воздушниот транспорт за да го прска населението со разни хемикалии. Теоријата за кемтрејлс или хемиски траги вообичаено е надополнета со листа од наводните хемикалии кои се користат за труење на луѓето, а најчесто се споменуваат бариум, алуминиум, човечка плазма, вирусот на ковид-19 или вакцини против ковид. Користењето на сценарија за кемтрејлс варира во зависност од имагинацијата на теоретичарите на заговори, од манипулација на временските прилики, контрола на населението, ширење пандемии или намерно разболување и труење, до психолошко влијание врз масите.

Кемтрејлс се многу тесно врзани со теоријата за злоупотреба на ХААРП, што е висок фреквентен активен истражувачки програм на поларната

светлина и е заеднички проект од различни партнери, индустријата, американското министерство за одбрана и бројни универзитети ширум САД, но многу често обвинуван за главен виновник кога се случуваат поплави, пожари, суши или град.

Токму такви случувања во изминатата година биле повод во регионот да се креираат локални дезинформации поврзани со климатските промени и ширењето на исти или слични лажни вести да се сретнува во две или повеќе земји. На појавата на поларна светлина во Европа и регионот теоретичарите на заговори во Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија гледале како на последица на делување на ХААРП, кој бил исто виновен и за суперклеточната бура во Србија во 2023 година. Во Северна Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора, пак, појавата на големата кашлица на почетокот на 2024 година, одамна заборавена болест, која со децении се држеше под контрола со редовна вакцинација на децата, ги мотивираше ширачите на лажни вести да спојат две теории на заговор и да креираат сценарио според кое болеста е резултат на авионското запрашување со отрови, вируси, хемикалии и сл. Во Црна Гора и во Албанија поплавите во регионот биле повод  да се шират лажни вести и да се убедуваат граѓаните дека временските неприлики се резултат на тајните оружја. За разлика од другите држави во Западен Балкан, во Косово бројот на рецензирани објави за климатските промени е многу мал. Најчесто тие се однесувале на временските неприлики во регионот за кои тврдат дека се дело на човечките активности, а не на климатските промени, како и на ХААРП.

Тврдењата за манипулирање со времето од страна на некои поединци или групи заради нивните интереси е едниот аспект на теоријата на

заговор за климатските промени, при што се тврди дека тие се вештачка, односно, човекова креација. Вториот аспект е дека климатските промени воопшто не постојат, туку исти елитистички групи, потпомогнати од научниците и политичарите, ги измислуваат за да воведуваат мерки кои го контролираат населението.

## Земјите на Западен Балкан ги следат и копираат наративите кои се веќе долго време присутни во Европа и во светот

- Негирање на климатските промени
- Оцрнување на јавни личности, екологисти, активисти
- Поткопување на довербата во науката, научните докази и работата на научниците

Иако е забележливо дека теоретичарите на заговори имаат бујна фантазија, а донекаде и креативност кога треба да се смислат нови и нови измислици, сепак, науката, има одговор за сите нив. Дури и креаторите на дезинформации знаат за контрејлс, кои се формираат како резултат на мешањето на издувните гасови со студениот воздух. Научниците објаснуваат дека контрејлс воопшто нема да се појават ако воздухот е сув, но доколку е презаситен со влага, тогаш белите линии се упорни и можат да останат видливи на небото подолго време. Климатските промени се реални, а уште пореално е човековото влијание во креирањето на стакленичките гасови, согласни се климатолозите кои докажуваат дека луѓето се одговорни за речиси целото глобално загревање во последните 200 години. Човечките активности како енергијата, индустријата, транспортот, урбанизмот, земјоделството и користењето на земјиштето се меѓу главните сектори кои предизвикуваат стакленички гасови кои го

загреваат светот побрзо од кога било. Последиците се видливи секојдневно на секоја точка од Земјата во вид на интензивни суши, недостаток на вода, пожари, зголемување на нивото на морето, поплави, топење на поларниот мраз, катастрофални бури и опаѓање на биодиверзитетот.

## Каналите низ кои се шират дезинформациите за климатските промени на Западен Балкан

Социјалните мрежи се главниот канал каде што поминуваат дезинформациите, генерално, вклучувајќи ги и тие за климатските промени. Во сите земји на Западен Балкан постојат мрежи на профили, од кои најголемиот дел се најчесто лажни, кои ги споделуваат теориите на заговор, а за да обезбедат што поголема читаност ги споделуваат и во групи, чии имиња јасно укажуваат какви содржини можат да се сретнат во нив. Сличностите во јазикот во повеќето земји од регионот им служи како предност на ширачите на дезинформации, чија мрежа на профили лесно се прелева преку границите. Споделувачите на лажни вести од Србија многу често се во кругот на пријатели на социјалните мрежи на профилите од Северна Македонија, Босна и Херцеговина или Црна Гора. Поврзаноста на креаторите на дезинформации за климатските промени во целиот регион ја потврдува и фактот дека една иста лажна вест се појавила во слично време во три држави, Црна Гора, Србија и Албанија. Во Косово, на пример, речиси е еднакво користењето и на социјалните мрежи, но и на медиумите за да се пласираат дезинформации.

Најголемиот дел од дезинформациите во врска со климатските промени во Босна и Херцеговина, Северна Македонија и Црна Гора, Косово и Албанија се ископирани од странство, особено од земјите од регионот, а еден помал дел се и креирани од локалните теоретичари на заговор. Оригиналните креатори на теориите на заговор за климатските промени се од сите страни на светот, но најчесто од САД, Кина, Русија или западноевропските држави.

Србија, пак, е специфичен пример по два основа. Првиот е што во оваа земја речиси половина од дезинформациите поврзани со климатските промени се креирани локално. За разлика од другите земји од регионот каде вестите се шират на социјалните медиуми, во Србија постојат и специјализирани веб-страници кои се занимаваат со креирање дезинформации. Голем дел од дезинформациите кои ги преземаат и соседните земји, всушност се креирани токму на овие страници.

Во повеќето земји во регионот се забележува и трендот на вкрстување на дезинформациите на различни теми, како што се климатските промени и пандемијата на ковид-19. Лажните вести за вакцините и нивната штетност се поврзуваат со појави кои се последици од промените на климата и за кои наводно е потребна нова масовна вакцинација или нови рестрикции. Тука особено е забележително и вметнувањето на шпекулации со познати личности, кои наводно имаат моќ да ги наметнат овие ограничувања на слободите на остатокот од светот, како што се претседателот на Светскиот економски форум Клаус Шваб и неговата ќерка Никол, која се обвинува дека изјавила оти ковид- 19 е само вовед во новите правила кои ќе се воведат заради климатските промени. Во овој

круг се вмешуваат и еко активистката Грета Тунберг и познатиот фудбалер Кристијано Роналдо.

Грета Тунберг многу често е цел на креаторите на дезинформации, а нејзините изјави се или извадени од контекст, извитоперени или погрешно толкувани. На пример, нејзиното предупредување дека климатските промени ќе го збришат целото човештво ако не престанеме да користиме фосилни горива во следните пет години, креаторите на дезинформации го извадиле од контекст и тврдат дека Тунберг рекла оти човештвото ќе изумре за пет години.

Славната фотографија, пак, на Кристијано Роналдо, на која тој дава поддршка на поплавените на неговиот роден остров Мадеира, се злоупотребува за да се тврди дека тој всушност предупредува дека некој нѐ прска од небото.

## Каков е одговорот на растечкиот тренд на климатските дезинформации

Трендот на ширењето на дезинформациите има постојана нагорна линија, а Европската комисија најави силен одговор на дезинформациите, вклучувајќи ги и климатските. Во најновиот извештај за климатските ризици за 2024 година Комисијата најави следење и анализа, како овие наративи влегуваат во јавниот простор и како влијаат на мислењето и однесувањето на граѓаните, како и испитување на усогласеноста на политиките на компаниите кои стојат зад социјалните медиуми со европскиот закон за дигитални услуги во насока на застапеноста на

научно поткрепените факти. Европскиот климатски пакт публикуваше и три прирачници за подигнување на свеста за научниот консензус дека климатските промени се предизвикани од човекот, за ефикасно справување со дезинформациите и за важноста на честото и правилно разоткривање на социјалните мрежи, како и за препознавање на теориите на заговор, како да се идентификуваат спецификите на заговорничкото размислување и кои се ефективните стратегии за одговор.

# Прилог 1 :
# Сооднос меѓу климатски дезинформации од локално и странско потекло

## Соодноc меѓу климатски дезинформации од локално и странско потекло по теми - **Западен Балкан**



# Соодноs меѓу климатски дезинформации од локално и странско потекло по држави - **Западен Балкан**



# Соодност меѓу климатски дезинформации од локално и странско потекло - **Албанија**



## Соодност меѓу климатски дезинформации од локално и странско потекло - **Северна Македонија**



## Соодност меѓу климатски дезинформации од локално и странско потекло - **Црна Гора**



## Соодност меѓу климатски дезинформации од локално и странско потекло - **Србија**



## Соодноs меѓу климатски дезинформации од локално и странско потекло - **Босна и Херцеговина**



# Прилог 2:
# ТВРДЕЊЕ - ФАКТ

| ТВРДЕЊЕ | ФАКТ |
|---|---|
| Денеска се многу вредни...немој да се чудите ако сте болни и ако врне... отровите мора што побрзо да стигнат до почвата и до луѓето! | **Објавата се однесува на белите линии зад авионите, кои претставуваат патеки од кондензација наречени контрејлс и настанати кога водената пара, произведена на големи височини од моторите на авионот, се замрзнува додека се ослободува во студениот воздух** |
| Овие облаци не се природни.<br>Можеби сте слушнале за ХААРП.<br>Дали ги забележавте авионите кои прскаат отрови? | **Наспроти објавата дека облаците не се природни, тие се алтокумулусни облаци, составени од мешавина на мраз и вода, што им дава донекаде поетеричен изглед** |
| Пред 2г. најавив за следната ПЛАНдемија – Климатските промени. 2г.подоцна, протестите на земјоделците во ЕУ против глобалистите е доказ дека АГЕНДАТА е веке во функција. Ова е само почеток... | **Климатските не се лага, ниту „пландемија“, ниту теорија на заговор. Тие се реалност.** |
| КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ???<br>НЕМА ПРИРОДНИ КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ТУКУ ВЕШТАЧКИ ПРОМЕНИ !!!<br>ХАРПОТ ТРЕБА ДА СЕ УНИШТИ !!! | **Дури 97 проценти од климатските научници ширум светот се согласуваат дека климатските промени се реални и водени од човековата активност.** |
| „Врбас, синоќа“. Времето е HAARPастично. Какви земјоделци, земјоделство, овоштарство. Оние кои не знаат што се случува и што прават сатанистите ќе кажат навистина се климатски промени, но ако знаеме дека сатанистите имаат опрема/технологија да го предизвикаат тоа и дека нивната цел е да не направат целосно зависни од нив, тогаш не може да им помине приказната за климатски промени | **Климатските промени не се лажни туку се реални. Тие не се производ на активностите на сатанистите, ниту пак на било која група или поединец што поседува технологија.** |

| ТВРДАЊЕ | ФАКТ |
| --- | --- |
| Климатски промени или контрола на времето? Кога се случуваат екстремни временски услови, климатските промени брзо се идентификуваат како причина. Што ако ваквите екстремни временски настани се резултат на насочена временска контрола? | **Природните катастрофи не се нови, а ставот на науката е јасен и недвосмислен и предупредува дека зачестеноста и зголемениот опсег на екстремните временски услови се всушност последица на климатските промени.** |
| Во живо, небото над Тирана. Скоро секој ден фрлаат хемикалии, вируси и алергени за да не врзат за аптеките. | **Наспроти објавата дека облаците не се природни, тие се алтокумулусни облаци, кои се составени од мешавина на мраз и вода, што им дава малку поетеричен изглед** |
| Ова се климатските промени.. совршено оружје во рацете на елитата. Предизвикува урагани, земјотреси, грмотевици, а исто така и суша. | **„Оружјето од објавата е всушност дел од радар од типот SBX, клучна компонента на копнената одбранбена програма со среден дострел на Агенцијата за ракетна одбрана на САД** |
| Нит' се климатски промени, нит' се емисии на CO2 во атмосферата испуштени од човекот... Доволно е само да престанете секојдневно да испуштате од авиони милиони тони тешки метали (алуминиум, бариум, стронциум, никел, железо, олово, кадмиум...) во атмосферата и сево ова лудило ќе престане, ефектот на стаклена градина го прави токму тоа ненормално прксање од авиони со тешки метали !!! | **Климатските не се лага, ниту „пландемија“, ниту теорија на заговор.<br>Тие се реалност.** |